Министерството за здравство на Република Македонија, Лекарската Комора на Македонија и Македонското Лекарско Друштво, водени од идеата за заштита и унапредување на докторската дејност, интегритетот и дигнитетот на докторот како личност и професионалец, а преку тоа и обезбедување на квалитетна здравствена заштита на задоволство и на докторите и на пациентите, на ден 10 ноември 2015 година, во Скопје, заеднички ја издаваме оваа

# П О В Е Л Б А

*Ние, потписниците на оваа повелба, како и оние кои кон неа ќе пристапат, јавно се обврзуваме, секој во своите интеренции, дека ќе работиме на заштита и унапредување на докторската професија преку донесување на Закон за докторската дејност, кој особено ќе опфати:*

- *независно и професионално вршење на докторската дејност,*
- *чување и унапредување на слободата и угледот на докторското звање,*
- *постојано одржување и унапредување на квалитетот на докторските услуги во интерес на заштита на здравјето на поединецот, семејството и населението воопшто, како и општествената благосостојба на населението,*

- одржување и унапредување на довербата помеѓу докторот и пациентот, како и членовите на неговото семејство,во вршењето на докторската дејност,

- взаемно почитување на правата на пациентите и правата на докторите,

- правото на докторот да се повика на совеста поради сопствени етички, верски и морални обврски да одбие спроведување на дијагностика, лекување и рехабилитација на пациенти, ако тоа не е во спротивност со правилата на струката и ако со тоа не се причинуваат трајни последици за здравјето или не се загрозува животот на пациентот,

- обврската на докторот да чува како докторска тајна се што ќе дознае за пациентот кој му се обратил за докторска помош, а е во врска со неговата здравствена состојба, освен ако со посебен закон не е поинаку уредено,

- право на докторот да биде почитуван од другите доктори, здравствени работници и соработници, почитувајќи ја честа, достоинството и угледот на другиот доктор, здравствен работник и соработник, како и взаемно почитувајќи ги нивната стручност, интегритет и достоинство,

- право и обврска на стручно усовршување на докторот,

- вреднувањето на работата на докторот преку колективен договор,

- право на докторот и членовите на неговото потесно семејство на заштита ако кон него непосредно се упатени закани, напади и слични постапки во врска со давањето на здравствени услуги,

- докторот кога врши здравствена дејност и дава здравствени услуги да се смета како службено лице кое врши службена должност врз основа на овластување дадено со овој закон,

- општа обврска за физичкиот и психичкиот интегритет, личноста и достоинството на докторот да се почитуваат,

- *напад врз доктор при вршење на здравствена дејност и давање на здравствени услуги како службена должност или во врска со здравствената дејност да се сметаат како напад врз службено лице при вршење на службена должност,*

- *право на докторот на праведен однос кој се заснова на почит и учтивост од страна на пациентите,*

- *право на докторот да го предупреди пациентот доколку се однесува несоодветно, како и да побара заштита на соодветен начин,*

- *право на утврдување на постоење на докторска грешка исклучиво преку соодветни постапки од страна на надлежни органи.*

| **Министерство за здравство** | **Лекарска Комора на Македонија** | **Македонско Лекарско Друштво** |
| --- | --- | --- |
| Министер<br>Никола Тодоров | Претседател<br>Проф. Др. Кочо Чакаларовски | Претседател<br>Др. Горан Димитров |